Уп. бр. 08-75

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Фолксваген Акциенгезелшафт со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија, доставено преку Адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 11.05.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Фолксваген Акциенгезелшафт со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија,индиректно преку своето зависно друштво во целосна сопственост КАРИАД СЕ со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија ќе стекне самостојна контрола над друштвото Интента ГмбХ со регистрирано седиште на Ахорнштрасе 55, 09112 Чемниц, Германија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.
2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 08.04.2022 година, а дополнето на ден 13.04.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Фолксваген Акциенгезелшафт со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија, со која Фолксваген Акциенгезелшафт преку своето зависно друштво во целосна сопственост КАРИАД СЕ со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија ќе стекне самостојна контрола над друштвото Интента ГмбХ со регистрирано седиште на Ахорнштрасе 55, 09112 Чемниц, Германија, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањето го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

1.Фолксваген Акциенгезелшафт е матично (владејачко) друштво на Фолксваген Групацијата. Фолксваген Групацијата е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси, шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема Фолксваген Групацијата исто така се занимава со дистрибуција на возила. Фолксваген Групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген Песинџер Карс, Фолксваген Лајт Комршал, Порше, Ауди, Шкода, Бентли, Ламборгини, СЕАТ, МАН, Сканиа и Дукати. Фолксваген Групацијата исто така нуди мобилни услуги како што се возила на повик и споделување на возила.

Дополнително, Фолксваген Групацијата обезбедува финансиски услуги и услуги за осигурување поврзани со дистрибуција и финансирање на своите автомобили и комерцијални возила, но ги покрива и редовните банкарски и други активности на осигурување. Оваа дејност се спроведува главно преку Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ и неговите зависни друштва. Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ нуди индивидуални услуги за мобилност како што се финансирање, лизинг, осигурување и услуги за набавка на осигурување во врска со автомобили и комерцијални возила. Конечно, преку зависното друштво на Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ, Фолксваген Банк ГмбХ, Фолксваген Групацијата обезбедува директни банкарски услуги.

-КАРИАД СЕ е зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген Акциенгезелшафт и се занимава со внатрешен развој на софтверски решенија и апликации за автомобили за возилата на Фолксваген Групацијата и пошироко.

- Фолксваген Групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

-Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса Бул, Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и со регистрирана дејност-финансиски лизинг;

-Порше Брокер АД Скопе, со седиште на адреса Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје  и со регистрирана дејност-дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници;

-Сканиа Македонија ДООЕЛ Илинден, со седиште на адреса ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје и со регистрирана дејност-трговија со останати моторни возила и

-Порше Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и со регистрирана дејност-трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија.

2.Интента ГмбХ развива и интегрира, меѓу другите софтверски решенија, и специфичен софтвер кој е компонента на (напредните) системи за помош на возачот и навигациски компоненти кои му помагаат на возачот преку употребата на сензори и алгоритми.

Конкретно, Интента ГмбХ е активна со развој и интеграција на интелигентни софтверски решенија кои се однесуваат на обработка и анализа на слики од податоци добиени од сензори, спојување на податоци од сензори и препознавање и откривање на објекти/лица преку развој на

алгоритми. Интента ГмбХ има над 180 вработени.

Интента ГмбХ не е активна и не остварува приход во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**